# ХРОНИКИ И СООПШТЕНИЈА

## НАУЧЕН СОБИР „МАРКС И НАШАТА СОВРЕМЕНОСТ"
**— По повод 100-годишнината од смртта на Карл Маркс —**

Оваа година во целата наша земја, а и во други земји во светот се одбележува еден значаен јубилеј. По повод 100-годишнината од смртта на еден од најголемите умови во историјата на човековата мисла, Карл Маркс, (1883—1983) организирани се низа научно-стручни собири посветени на негово то капитално дело. Тие собири претставуваат обид да се сумираат резултатите, од основањето на марксистичката теорија до денес и тоа не само на теоретски план, туку и многу пошироко во смисла на можноста на нејзиното реализирање во општествената практика, како и доближување на марксизмот до општествената стварност анализирајќи ги нејзините искуства.

Филозофско-Историскиот факултет во Скопје даде свој придонес во одбележувањето на овој значаен јубилеј. Беше организиран научен собир на тема „Маркс и нашата современост", кој траеше од 14 до 18 март оваа година. Всушност почетокот на собирот свечено беше одбележан со пригодни манифестации уште на 12-ти март во Домот на ЈНА во Скопје. Свечениот собир го отвори Ректорот на Универзитетот „Кирил и Методиј" во Скопје, проф. д-р Александар Андреевски. Во својот поздравен говор при отворањето на оваа свечена академија д-р Андреевски укажа на важноста на јубилејот и неговото достојно одбележување во рамките на нашето самоуправно, социјалистичко општество, кое се стреми да ги следи и развива Марксовите идеи.

Нашиот истакнат општествено-политички работник, проф. д-р Александар Грличков, потоа го поднесе исцрпното излагање за животот и делото на Карл Маркс. Д-р Грличков истакна дека делото на овој голем творец предизвикува голем интерес во нашата епоха, за што зборуваат и големиот број напишани книги и расправи. За Марксовата мисла е многу битна онаа компонента која ја покажува способноста на Маркс да ги исползува резултатите на развитокот на научната мисла за општеството и човекот, до негови дни, како и во негово време, но притоа творечки да ги надмине и да ги ослободи од нивните ограничености и идеолошки заблуди. Професорот Александар Грличков наведе три причини кои битно влијаеле на тоа Маркс и денес да биде актуелен, било во смисла на одобрување или на оспорување на она што тој го создал: првата при

чина е внесувањето на активистичката димензија во филозофската и научната мисла; втората причина е фактот дека делото на Карл Маркс и претходеше на епохата на социјализмот во историскиот развиток на човековото општество; третата причина е отвореноста на оваа мисла и можноста таа понатаму да се развива, напоредно со општествениот развиток.

Според тоа во времето кое е неоспорно одбележано со трасирањето на патиштата кон социјализмот, не може да се дозволи оспорувањето на придобивките на марксизмот, а од друга страна традицијата на марксизмот треба да биде подлога за натамошни оства рувања во овој правец.

Крајот на свечената Академија беше одбележан со свечен концерт.

На 14-ти март отпочна со работа научниот собир „Маркс и нашата современост". Најнапред беше отворена изложбата на книги „Од Маркс за Маркс", во просториите на Филозофскиот факултет. Изложбата претставуваше преглед на најзначајните дела на Карл Маркс (собрани дела, факсимили од ракописи ,одделни книги), надополнети со портрети на Маркс. Беа изложени и голем број дела на македонски, југословенски, како и на странски автори кои се бават со проблематиката на марксизмот. Оваа изложба на соодветен начин го илустрираше развитокот на марксистичката мисла од времето на Маркс до денес и степенот на нејзиното применување во современата општествен стварност, а пред се во рамките на нашето социјалистичко општество.

Отворањето на изложбата и на Научниот собир се одвиваше во присуство на наши истакнати општествено-политички работници: (Крсте Марковски, Ристо Џунов), научни и културни работници, универзитетски професори, вработените во Филозофскиот факултет, студенти, наставници од гимназиите и средните училишта и др.

Реч на отворањето одржа Деканот на Филозофскиот факултет, проф. Љупчо Копровски, додека воведниот збор беше на Претседателот на Одборот на Собирот проф. д-р Христо Андонов-Полјански. Притоа професорот Полјански укажа на историската димензија и историското значење на мислата на Карл Маркс.

Собирот се одржуваше пет дена (од 14 до 18 март), во кои имавме можност да ги чуеме излагањата на 30 учесници (научни, општествено-политички и културни работници). Излагањата беа тематски распоредени и ги третираа прашањата на поставената тема од различни аспекти, согласно со потесниот домен на интерес на секој учесник на Собирот.

Темите изнесени на Собирот на тој начин илустрираа едно богатство од проблеми и прашања кои се однесуваа не само на големината на Марксовото дело и неговиот духовен хоризонт, туку и на неговата присутност и третман во современата стварност, на кризата на марксизмот и на светот во кој живееме, во потрага по начините и можностите таа да се надмине и на теоретско и на практично поле. Тоа значеше опфаќање на проблемите на развитокот и на нашето општество.

На Марксовата мисла и нејзината релација со нашата совре-

меност и беше пристапено од повеќе аспекти: филозофски, социолошки, економски, политиколошки, антрополошки, историски, културолошки, педагошки, демографски, воен итн.

Уште еднаш добивме потврда за неисцрпноста и широкиот зафат на Марксовото творештво за прашањата на структурата и развитокот на општеството, за човекот и светот воопшто, за актуелноста и ненадминливоста на неговото учење; можноста да црпи ис куства од понатамошниот развиток на човековото општество, да ги истражува критички однесувајќи се кон нив, а сето тоа со цел да се изнајдат најсоодветните патишта кои водат кон потполното ослободување на човекот. Антроидеолошко-хуманистичката димензија на марксизмот уште една се покажа во сето свое значење и важност, како основна цел на ова учење.

Насловите на темите презентирани на Собирот самите по себе зборуваат за потребата, марксизмот, како научен поглед на свет, интегрално да се разгледа, како на пр: „Марксистичката теорија за кризата", „Маркс или современост", „Марксовите капитални откри тија патоказ за решавање на свет ските и нашите економски проблеми", „Самоуправувањето и ослободувањето на општествениот труд во светлината на Марксовото учење", „Актуелноста на Марксовите погледи за комуната", „Марк совиот теориско-методолошки приод во истражувањето на класно-социјалната структура", „Некои аспекти на Марксовиот хуманизам „Социјалистичкото, самоуправно општество и образованието", „Карл Маркс и современата антропологија", „Еманципацијата на жената во духот на Марксовото учење", „За етичките погледи на Карл Маркс", „Карл Маркс и историјата", „Марксизмот и современата византологија", „Карл Маркс за војната", „Кон математичките ракописи на Карл Маркс" итн.

Потполн преглед на соопштенијата од научниот собир „Маркс и нашата современост", ќе ни овозможи Годишниот зборник на Филозофскиот факултет, посветен на значајниот јубилеј, во кој ќе бидат отпечатени истите.

Составен дел на Собирот беа и плодните дискусии што се водеа по завршувањето на дневната работа (излагањето на соопштенијата). Всушност, тоа беа интересни и живи дебати иницирани и инспирирани од проблематиката изнесена во поднесените реферати. Воедно во текот на дискусијата беа допрени и нови аспекти на прашањата кои се поврзани и коишто произлегуваат од богатството на живата и отворена Марксова мисла. Согласно, во текот на дискусијата со свои ставови истапија повеќе слушатели и учесници на Собирот: д-р Јонче Јосифовски, д-р Јованка Кепевска, д-р Лазар Никодимовски, д-р Димитар Димитров, д-р Митра Шаровска, д-р Христо Меловски, д-р Ѓорѓи Старделов, д-р Ферид Мухиќ, д-р Коста Костов, д-р Петре Георгиевски, д-р Стојан Јордановски, м-р Олга Мурџева-Шкариќ, м-р Љубомир Цуцуловски, д-р Ѓоко Този, м-р Атанас Вангелов, д-р Кирил Темков, д-р Митко Илиевски, Никола Тодорчевски и други.

Како централно прашање се постави дилемата за актуелноста на Марксовата мисла денес, особено во контекстот на неговите

ставови за социјализмот, од една страна, и капитализмот, од друга страна. Изби на површина интересот за моментот на современиот социјализам и за кризата во која тој запаѓа, во спрега со она што е капитализмот денес и кризата на тој таков капитализам. Споредбите беа неодминливи токму поради фактот на интегралноста на денешниот свет и испреплетеноста на неговите најакутни проблеми.

Размислувањата за феноменот на кризата секако зафаќаат важно место во Марксовата теорија за општеството и неговиот развиток. Кризата, во себе ја содржи дијалектичката спротивност — одумирањето на старото, преживеаното и раѓањето на новото, како надминување на старото.

Беше заклучено дека би било крајно догматски, кога од Маркс би се барало да оставил готови и совршени рецепти за решавањето на конкретните проблеми што произлегуваат од изградбата на социјализмот. Но Маркс секако ја даде појдовната точка во една конкретна стварност да се изнајдат корените на постојните кризи и проблеми како и методолошкиот пристап за решавањето на истите. Меѓутоа општеството се движи напред со забрзани чекори, така што на нас останува задачата да го понесеме најголемиот товар на следењето и истражувањето на новите појави. Самиот факт дека признавме оти денес социјализмот е во криза, која мора да се надмине на најадекватен начин, водејќи сметка пред се за местото, улогата и потребите на човекот е секако голем чекор напред во тој правец.

Задачата и основната цел на марксизмот, како „теорија која се грижи за своето реализирање", е менувањето на светот, во духот на хуманистичките принципи, токму затоа што тој свет може и мора да се менува. Во тој однос како императив се поставува прашањето за еманципацијата на човекот за што појдовен и основен услов е разотуѓувањето на трудот и остварувањето на неговиот суштински, творечки карактер; изградувањето на сестрано развиена личност, „тотален човек" — според Маркс. Човекот секогаш треба да претставува цел а не средство, како во сегашниот така и во идниот историски контекст. Од тука произлегува и суштествената за адекватноста на средствата во изградувањето на нашето самоуправно, социјалистичко општество.

Иако Маркс во своето дело речиси никогаш експлицитно не зборува за уметноста и културата воопшто, сепак од неговото севкупно учење за општествената структура и општествениот развиток можат да се изведат и неговите ставови за овие битни општествени феномени а тие го најдоа своето место и на дискусијата на Собирот. Притоа освен општите согледувања, беа изнесени и конкретните искуства на нашето општество во доменот на уметноста, образованието и воспитанието, како и културата воопшто.

Согледувањето на полето на етиката од аспектот на марксистичката мисла, есенцијалната потреба за изградување на марксистичка етика, прашањето за нејзиниот однос со искуството на социјализмот, зазема исто така истакнато место во дискусијата.

Актуелниот и често контроверзно третиран проблем кој се однесува на еманципацијата на жена-

та во духот на општочовечката еманципација, неминовно се наметна и предизвика мошне интересна дебата, од која произлегоа уште поинтересни сознанија. Впрочем Маркс отворено изјавил — да парафразирам — дека степенот на еманципацијата на жената е битен показател за степенот на развиеноста на едно општество.

Реч на затворањето на научниот собир „Маркс и нашата современост", одржа проф. д-р Христо Андонов-Полјански, претседател на Факултетскиот совет и на Организациониот одбор на Собирот. Тој зборуваше за значењето на одржувањето еден ваков собир, посветен на еден голем јубилеј, како за нашата научна така и за нашата наставна и идејно-политичка работа. Интересот што го предизвика оваа манифестација, нејзината посетеност, како и бројот на непосредните учесници укажува на можноста и во иднина да бидат организирани уште поголеми и побогати по содржина научни собири од ваков карактер.

Професорот Полјански ја искористи оваа прилика да одбележи и еден друг значаен јубилеј, поврзан со историјата на Македонија — 40-годишнината од основањето на Комунистичката партија на Македонија и формирањето на Централниот комитет на КПМ (19 март, 1943).

На крајот проф. Полјански им се заблагодари на сите учесници на Собирот на оние коишто учествуваа во неговото организирање и на оние кои активно го следеа и творечки се вклучија во неговата работа.

Останува, да нагласиме уште еднаш, дека овој убав и широко осмислен зафат треба да биде поттик и за идни вакви настани.

Антоанела ПЕТКОВСКА

## ПЕТТА ИНТЕРКАТЕДРИСКА КОНФЕРЕНЦИЈА НА ИСТОРИЧАРИТЕ НА ЈУГОСЛАВИЈА

На 28 и 29 октомври 1982 година се одржа Петтата интеркатедриска конференција на историчарите на Југославија. Овој пат домаќин беше Отсекот за историја на Филозофскиот факултет во Белград. На овој нивен редовен годишен собир учествуваа студентите и професорите — претставници од историските катедри на филозофските факултети од Љубљана, Белград, Задар, Нови Сад, Загреб и Скопје. Работниот дел на конференцијата започна со излагањето на студентските трудови (соопштенија и прилози) на тема „Заедништвото на територијата на Југославија од почетокот на XIX век до 1918 година". Беа поднесени следниве трудови: Марија Пандевска — Скопје, „Учеството на Македонците во Првото српско востание"; Воислав Павловиќ — Белград, „Југословенството кај Србите од 1860 до 1868"; Нада Симиќ — Нови Сад, „Идеја на солидарноста на Обединетата српска младина"; Марко Штукец — Љубљана, „Патувањето на Јосип Јурчиќ во Србија 1872 г.", „Бранко Бешлин — Нови Сад, „Светозар Милетиќ и националното прашање"; Рамиз Шабановиќ — Скопје, „Илинденското востание и југосло-